# *ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ И РАСХОДИ ВО БУЏЕТОТ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА МЕСЕЦ ЈАНУАРИ*

## 1. ПРИХОДИ

Во периодот од **01.01.2026** година до **31.01.2026** година во Буџетот на Општина Берово приберени се приходи во износ од **7.394.173 денари** и тоа по следните основи:

| ВИД НА ПРИХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ ПРИХОДИ |
|---|---|
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со општествен капитал | 168.660 денари |
| Уплати од Буџетот на Р.С.М. по основ на 6% од персоналниот данок на доход на лични примања од плати од работниците кај правни лица со приватен капитал | 273.518 денари |
| 100% од персоналниот данок на доход од физички лица кои се занимаваат со занаетчиска дејност регистрирани согласно со Законот за занаетчиска дејност на чие подрачје се регистрирани за вршење на дејноста | 7.486 денари |
| Уплати по основ на данок на имот од физички и правни лица и камати за доцнење во плаќање на даноци на имот | 108.025 денари |
| Приходи по основ на уплатени даноци на недвижности и права и данок на наследство и подарок | 583.556 денари |
| Уплата на комунална такса за привремен престој од страна на регистрирани правни субјекти и физички лица кои нудат сместувачки капацитети | 86.064 денари |
| Такса за истакнување на фирма (фирмарина) | 89.800 денари |
| Комунална такса за користење на улици со патнички товарни возила што се плаќа при регистрација | 74.159 денари |
| Комунална такса што се плаќа за одржување на јавното осветлување | 1.210.100 денари |

| | |
|---|---|
| Такси за користење на просторот пред деловни простории, за истакнување на рекламни објави и огласи на јавни места, за користење на музика во јавни локали и за користење на плоштад и др. | 30.114 денари |
| Комунален надоместок од уредување на градежно земјиште | 26.660 денари |
| Уплати по основ на административни такси кои се плаќаат за списи | 35.480 денари |
| Уплати по основ на закупнини на објекти и опрема во сопственост на општината | 50.179 денари |
| Уплати по основ на други неданочни приходи и приходи од органи на управа - надомест за користење на сала за венчавки и др.потреби, приходи од извршени уплати од министерствата за користење водовод и канализација на подрачните одделенија сместени во зградата на општината и 2 % од наплата на премии за каско и одговорност | 68.050 денари |
| Надоместок за концесии за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба на земјиште, приходи од закуп на земјоделско земјиште во сопственост на државата и надоместок за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти – легализација | 1.008.885 денари |
| Трансвер на средства од Буџетот на Р.С.М. во износ од 3.573.437 ден. по основ на 6% данок на додадена вредност остварен во претходната фискална година и тоа основен дел - 4,5%, дел за перформанси - 0,75% и дел за воедначување – 0,75% | 3.573.437 денари |

## 2. РАСХОДИ

Во периодот од **01.01.2026** година до **31.01.2026** година од Буџетот на Општина Берово исплатени се вкупно **9.493.404 денари** и тоа за следните намени:

| ВИД НА РАСХОД РЕАЛИЗИРАН ВО ИЗВЕШТАЈНИОТ ПЕРИОД | ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ РАСХОДИ |
|---|---|
| За плати на вработените во општината, плати за дел од вработените во Домот за стари лица | 3.134.448 денари |
| Исплатен надомест на советниците за еден месец | 298.071 денари |
| Исплатени се три решенија од постојаната резерва(непредвидливи расходи) од кои две за болничко лекување и едно за незавидна финансиска состојба, донесени од страна на Советот на општината | 33.333 ден. |

| | |
|---|---|
| За ел.енергија и ул.осветлување за м.12/2025 платени се 581.415 ден., водовод и канализација за м.11 и 12/2025 - 29.452 ден., за телефонски услуги,интернет и др.услуги 20.732 ден., за горива и масла 35.371 ден.,за поштенски услуги платено е 8.394 ден. и 25.344 ден. за регистрација на моторни возила | 700.708 денари |
| 6.145 ден. за прехрамбени продукти и пијалоци, 46.090 ден. за др.материјали и материјали за ул.осветлување | 52.235 денари |
| 23.010 ден. за поправка и одржување на софтверска и хардверска опрема, 253.702 ден. за одржување на јавна чистота за м.12/2025 на територијата на општината, 74.340 ден. за зимско одржување, 598.563 ден. за крпење на ударни дупки и 20.160 ден. за чистење на градежна депонија | 969.775 денари |
| 14.898 ден. се исплатени кон физичко лице ангажирано за општокорисна работа, 16.957 ден. за осигурување на моторни возила, 1.500 ден. банкарска провизија за исплатените дневници во странство, , 32.490 ден. за ветеринарни услуги – заловување на кучиња, 5.464 ден. за изнајмена просторија во с.Двориште за потребите на детската градинка, 16.948 ден. за услуги за копирање и печање, 141.600 ден. за консултантски услуги – услуги од овластени проценители, 980.488 ден. за рушење на објекти - рушење на стара коно сала, 420 ден. за користени услуги од АКН и 6.160 ден. за испитување на квалитетот на водата за пиење | 1.216.925 денари |
| 320.870 ден. за др.оперативни расходи - 277.323 ден. авторски хонорари за ангажирани лица за организација на дочек на Нова година, 16.350 за набавка на цветни аранжмани за потребите на општината, 26.727 ден. за репрезентативни подароци за потребите на општината, 10.600 ден. за објава на огласи, 3.500 ден. за учество на семинари на вработените во општината и 24.000 ден. за репрезентација | 358.970 денари |
| 206.199 ден. месечна рата се исплатени кон ЈПКР Услуга – Берово согласно склучена Спогодба за субвенционирање за измирување на обврската кон ЕВН ХОМЕ и 50.000 ден. кон ЗГ Ратевски бамбурци, согласно склучен договор и програмата за култура за 2026 год. | 256.199 ден. |
| 484.000 ден. се исплатени кон членовите на општинската изборна комисија за одржаните локални избори, 140.000 ден. буџетско учество се префрлени на донаторската сметка – ЛАНДС и 277.956 ден. буџетско учество за нов донаторски проект – Сонце за почиста Брегалница, 8 решенија од по 6.000 ден. се исплатени субвенции за студенти кои прв пат запишуваат година, 1 решение од 10.000 ден. субвенции за згрижувачко семејство, 2 решенија од по 10.000 ден. субвенции за семејства со лица со попреченост, 1 од 10.000 ден. за болничко | 1.034.181 денари |

| | |
|---|---|
| лекување, 1 решение од 15.000 ден.- награда од новогодишната лотарија во ОСУ Ацо Русковски – Берово и 2 решенија од по 8.000 ден. 10 решенија од по 7.000 ден. се исплатени за новородено дете и 5 решенија од по 10.000 ден. се исплатени кон физички лица за болничко лекување, , 2 решенија од по 15.000 ден. за првенци на генерацијата во основното и средното образование, 2 решенија од по 8.000 ден. за полагање на возачки испит Б-категорија | |
| 705.215 ден. се платени по доставена ситуација за реконструкција на ул.Ј.Сандански во с.Русиново и 603.744 ден. по доставена ситуација за одведување на отпадни води од ул.1 Мај во Берово | 1.438.559 денари |

Бр.05-101/2
16.02.2026 год.

ОПШТИНА БЕРОВО
Градоначалник
Петар Ружински